# ДИМИТАР ПАНДИЛОВ

# ДИМИТАР АВРАМОВСКИ ПАНДИЛОВ

КОМЕМОРАТИВНА ИЗЛОЖБА
УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА
СКОПЈЕ, ЈУЛИ - АВГУСТ 1966

# ДИМИТАР АВРАМОВСКИ ПАНДИЛОВ

*„Низ него, како две цврсто споени нишки, се провлекуваат двете големи љубови наметникот: љубовта кон земјата, кон тлото на Македонија, и љубовта кон сликањето, длабоко всадена во него и наследена од неговите дедовци"*[1].

**А. Ѓурчинов**

На 26 јули 1963 година смртоносната далга на земјотресот која уништи стотици скопјани и скопјанки, дојдени и тука родени, го однесе и животот на Димитар Аврамовски Пандилов, сликар. Го ожаливме заедно со другите. Тој ден ја заврши неговата биографија на скромен човек и вреден сликар македонски.

Денес, три години по неговата смрт, на оваа комеморативна изложба, треба најцелосно и најопфатно да го согледаме еден од првите академски образовани сликари на првата модерна сликарска генерација во Македонија која го почна современото сликарство во третата и четвртата деценија на XX век.

Димитар Аврамовски Пандилов потекнува од фамилијата Дичовци, една од најстарите зографски фамилии што ги дала областа Дебар со Галичник и околните села (Тресонче, Гари, Осој и др.) во XVIII и XIX век. Селото Тресонче е татковина на прочуените резбарски, зографски и градителски фамилии. Оттука се Рензовци-Зографски, Печаровци и Дичовци. Според усното предание, се знае дека основател на фамилијата Дичовци, резбари и зографи, бил Дичо, резбар и зограф во XVIII век. Дичо имал син Крсте, а Крсте бил татко на Дичо Крстевич (околу 1819 — 1872 г.)[2]. Дичо Крстевич бил најплодниот македонски зограф во XIX век во последниот процут на македонската црковна уметност. Како рутиниран мајстор на икони и фрески во стилот на атоскиот барок, тој ги исполнил со свои дела црквите во Македонија, еден дел од Србија и Бугарија. Во историјата на македонското сликарство на XIX век има голема заслуга што насликал прв икона-портрет, во 1853 година, на еден свој современик, иеромонах Самуил од манастирот Зрзе[3]. Овој портрет-икона, по своите стилски одлики, значаен е поради тоа што претставува чекор напред до првиот световен портрет на зографот Димитар Андонов Папрадишки, во крајот на XIX век. Дичо Крстевич имал осум синови, од кои само двајца, Аврам и Спиридон, се занимавале со зографство. Аврам, зографот, е дедо на Димитар Пандилов. По него Димитар Пандилов се потпишуваше често и Аврамовски Пандилов.

Димитар Аврамовски Пандилов е роден во селото Тресонче на 1 март 1898 година. „Уште кога имав шест-седум години, раскажува тој, дедо ми Аврам го работеше иконостасот во црквата во селото Тресонче. Тогаш гледав како работи тој, како ги меша боите и добива нијанси и тонови, тогаш првпат видов како сликаат икони, како се прават ликови, композиции, пејзажи. Подоцна татко ми отиде во Бугарија на гурбет, ме поведе и мене. Љубовта за боја, за сликање ја понесов од моето село и тоа ме одведе до ликовната академија" [4].

Во 1911 година со татка си тргнува дванаесет годишното момче Димитар во Бугарија. Прогимназија завршува во 1914 година и, по завршувањето на Првата светска војна, во 1918 година, се запишува во Софија на Художенствената академија. Академијата ја завршува со успех во 1924 година кај професорите по цртање Петар Клисурски и сликарство Стефан Иванов, класичар по дух и ученик на Иван Мрквичка, кој го внесува во бугарското сликарство минхенскиот стил од крајот на XIX век. Во средината на чист академски реализам, каде што се знае само за поновите современи правци — импресионизмот, фовизмот и кубизмот, се оформува сликарот Димитар Аврамовски Пандилов.

Веќе во 1925 година го гледаме Димитар Пандилов во Скопје, каде што си бара работа за да може постојано да живее во својот роден крај. Најпосле добива служба за наставник по цртања во Ќуприја. Само една година е наставник во школската 1926/27 година[5]. Во Ќуприја приредува изложба што нема голем одѕив. Истата изложба, само проширена од околу стотина творби (масла, акварели, цртежи[4], ја отвара првпат во Скопје на Велигден 1927 година. Скопската публика првпат виде во својата средина, самостојна, модерна изложба на свој академски образован сликар. Радоста беше дотолку поголема, што Димитар Пандилов, како сликар, ја продолжи традицијата на македонските зографи, на својата проучена дичовска фамилија. Се покажа дека и Македонија има свои модерни сликари, кои го следат патот на другите сликари во Југославија. Но среќата на Димитар Пандилов беше краткотрајна-му ја откажаа службата во Ќуприја, друга неможеше да добие и, со помошта на брат си, кој се наоѓаше во Франција, тој замина есента за Монпелје, Франција.

Пред да тргне во Франција Димитар Пандилов се обиде да излага во Белград, по изложбата во Скопје. Во Историскиот архив на градот Белград, во фондот на „Цвијета Зузориќ", постојат две писма и една картичка упатени до Управата на Друштвото на пријателите на уметноста. Во првото Димитар Пандилов упатува молба на 22 август 1927 година (факсимил бр. 1) во која бара да му се излезе во пресрет да излага во Белград, пишувајќи дека имал една изложба во Ќуприја и една во Скопје. Испраќа и неколку свои творби за жирирање, како што му побарале организаторите за изложби во павилјонот „Цвијета Зузориќ". Со нетрпение чека одговор, кој не доаѓа, и на 29 септември упатува уште една картичка да праша што станало со неговата молба и со сликите испратени до жири-комисијата. Во Годишниот извештај на Друштвото на пријателите на уменоста „Цвијета Зузориќ" за оваа година не постои никаков

O 170

Удружењу "Цвета Зузорић" Београд.

Молим удружење да ми изволи одобрити једну изложбу својих радова у своме салону. Родом сам из Јужне Србије(Тресонче,срез Галички).Свршио сам сликарску академију и радим слике понајвише са мотивима из Јужне Србије.Приредио сам досада са успехом две изложбе.У Ћуприји,где сам био наставник цртања, и у Скопљу ове године о Ускрсу.

За изложбу имам око сто слика.

Молим удружење да ме изволи обавестити дали ме прима и у исто време да ми достави који су услови за изложбу. Пријављујем се према препоруци Г.Христифора Црниловића, који ми је говорио да треба да вам се јавим, како бих добио ред.Одговор молим доставити на адресу.: Улица Принца Ђорђа,Бр.62.

~~22. Јуна~~ Август,1927.г.

Скопље.

Са особитим поштовањем,

Димитрије Андоновић
(ак. сликар)

извештај околу изложбата на Димитар Пандилов. Изложбата не е одржана. Тешко е така, непознат да се пробие во белградската средина малиот македонски сликар.

Димитар Пандилов кратко време престојува во Монпелје, потоа оди во Париз и стапува во сликарската академија Гранд Шомиер, во која едно време е и Никола Мартиноски. Димитар Пандилов, покрај работата во академијата, вредно оди секој ден во Лувр, каде што ги студира француските романтичари, реалистите и импресионистите. Од сите најблиски му се по мотивите Миле и Русо, а по начинот на сликањето-Моне и Писаро. Овие први впчатоци од модерното француско сликарство ќе бидат пресудни за неговото натамошно формирање во модерен, современ сликар.

Од Париз Димитар Пандилов оди во Бугарија, каде што живее како наставник по цртање во внатрешноста. Едно време е во гимназијата во Орехово. На колективни изложби излага во Софија.

Веднаш по ослободувањето, во 1945 година, дојде во Скопје, кое не го напушти се до ненадејната смрт, на 26 јули 1963 година. Во почетокот беше наставник по цртање во гимназијата „Маршал Тито", а потоа во Уметничката школа се до пензионирањето. Димитар Пандилов беше меѓу првите членови на новоформираното Друштво на ликовните уметници на Македонија, каде што активно дејствуваше и повеќепати беше член на управата. Сите генерации на младите ученици во Уметничката школа што учеа сликање го паметат својот трпелив учител. Мнозина од нив подоцна станаа наставници заедно со него во Уметничката школа, му станаа колеги, но никогаш не заборавaa дека тој им бил учител. „Низок, со очила, со шапка на главата, скоро секогаш со педантно врзана вратоврска, постојано весел и расположен, кога беше меѓу нас, Димитар Пандилов беше најстариот академски сликар во Македонија . . . „Чичето", како што го викаа сите . . ."[8].

Речиси сите сликари од првата генерација на модерното македонско сликарство се обидуваа да сликаат икони и фрески. Така, Лазар Личеноски наслика фрески и икони за неколку цркви во Македонија (црквата во Галичник, Делјадровачкиот манастир и др.); Никола Мартиноски го почна запознавањето со сликарството сликајќи како чирак во ателјето-дуќанот на зографот Димитар Андонов Папрадишки; Томо Владимирски-исто така заедно со Никола Мартиноски. Димитар Пандилов ја почна својата самостојна сликарска кариера, ако така можеме да кажеме, со сликање на иконостасот во црквата во селото Бедиње кај Куманово, заедно со чичко му Крсте[9].

Иконите во црквата во селото Бедиње, заедничка работа на зографот Крсте и Димитар Пандилов, академски сликар, се разликуваат од иконописот на зографите од фамилијата Дичовци. Рутинираноста на зографот Крсте ги формира композииите така како што е наредено во црковните канони, но ликовите на светителите и пејзажите се сликани сосем реалистички, како што научил да слика во академијата Димитар Пандилов. Димитар Пандилов, академски сликар, е принуден да се прифати за оваа работа во 1925 година, чекајќи да

почне сликарска кариера. Ова ништо не му попречува да слика современи теми и на современ начин и, за две години, да подготви две изложби: првата во Ќуприја и втората во Скопје. Сепак, денес, ние гледаме на овие први порачани икони некако поинаку. Димитар Пандилов, да не бил израснат во зографската традиција на Дичовци, не ќе можел да се зафати со сликање икони, а да не била во него всадена љубов кон сликањето не ќе можел понатаму да ја продолжи својата трудна сликарска кариера со многу тешкотии и лични жртви. За да се проследи целосно сликарската кариера на Димитар Пандилов, од почетокот до крајот, од првите студии, портрети, композиции, до последните пејзажи, жанр-сцени и мртви природи, би било потребно подетално да се прегледа и неговиот период на сликањето во Бугарија. Уште кога беше жив, кога често зборевме, попатно го распрашував. Тој секогаш молчеше, му беше тешко да зборува за животот во туѓина. Некаков облак го засенчуваше неговиот бистар и отворен поглед. Одговорот му беше секогаш ист: „Бев наставник по цртање, сликав тивко, за да не заборавам, за да можам да го живеам животот како што го почнав како сликар". Понатаму-ништо. Но, благодарение на неколку слики, акварели и цртежи запазени од тој период, како и од фактот дека, како сликар, тој не се менувал често и многу, се добива слика за негиот развој.

Откако се врати повторно и постојано во Македонија, во Скопје, со нестивнат елан, со брзање, како да е нешто загубено и попусто пропаднато, за изминатото време многу сликаше Димитар Пандилов. Како да се подмлади, како да ја почна тогаш својата сликарска кариера, се зафаќаше со повеќе платна одеднаш, со цртање, со акварели. Не му пречеше да биде активен како педагог, општествен работник, другар и пријател. „Тогаш доаѓаа реминисценциите и асоцијациите за едно тешко минато, минато што не згаснало во сеќавањето, во разиграната фантазија, во љубовта што тлееше за луѓето, кои живееја и работеа во истите куќи, под истото сонце, во истите полиња, крај домашното огниште . ." [10]. И сите тие негови луѓе, куќи, полиња, планини и ридишта, села и градови, се раѓаа повторно пред него, од неговата рака и поглед што испитува и забележува. Далеку од секакви времи и расправии за она што е современо и модерно, тој сликаше така како што чуствуваше. Во времето на социјалистичкиот реализам остана ист како што беше и потоа. Мнозина му префрлаа што не се зафати со пoслободно сликање, му предлагаа да се оддалечи од реализмот, од импресионистичката палета. Тој само се насмевнуваше, не се лутеше и продолжуваше да слика онака како што инспирацијата ја водеше неговата рака. Затоа белешките за неговите изложени слики на изложбите на ДЛУМ беа куси и јасни . . . така како што е вообичаено, Димитар Пандилов ги слика своите пејзажи"[11] . . . . „искрениот интерпретатор на импресионистичкиот пејзаж . . ." [12]).

Сликарскиот пат на Димитар Пандилов може да се подели на три фази, три периоди, така како што денес го гледаме. Првата фаза, која трае од студиите од 1922 до одењето во Париз во 1928 год., втората од 1929 — 1945 во Бугарија и третата од 1945 — 1963 година. Стилскиот развоен пат кај Димитар Пандилов

е јасен и логичен, првата фаза се топи во втората, а втората ја раѓа третата. Израснат во традиција на дичовските зографи, на кои уште од зографот Дичо им останал реализмот на ликовите, воспитаник на софиската акедемија, каде што владее академскиот реализам (Минхенска школа на XIX век) на И. Мрквичка и на неговиот ученик Стефан Иванов, учител на Димитар Пандилов, нашиот сликар почна самостојно да слика во 1923, 1924, реалистички. Овој реализам му помогна многу да го прима и изразува светот така како што го набљудуваше. Неколку негови творби од овој период го покажуваат Димитар Пандилов како добар цртач што ги совладал анатомијата и перспективата, но кој уште се плаши да ги редуцира одвишните елементи, да не биде наративен и академски натуралистичен. Колоритот е уште придушен, како што му одговара на академскиот реализам, решен е во една гама, а тоновите се кафеаво-виолетови, темно-зелени и граорести. Сликите „Студија", „Полуакт" се најрани, од времето на студиите (1922, 1923 година) „Мојот чичкозографот Крсте" е платно што датира од времето кога Димитар Пандилов го сликал со чичко си иконостасот во селото Бедиње, во 1925 година. Тоа не е школски портрет, туку мала композиција каде што сликарот сакал да го претстави чичко си во момент кога слика некоја икона, седнат крснозе, како што имал обичај да работи. Цртежот не е така тврд, боите се уште така подредени да се добие реалистичка визија, единствено потезите на четката се нештопослободни и само тие навестуваат постепено одалечување од строгиот академски реализам. „Жетварки", од 1926 година, е слика решена со два плана: преден со жетварките и втор со небото. Композицијата е мирна, единствено стојките на жетварките зборат за акција, а колоритот-решен во една гама што се соединува со мирното небо-служи само како неутрален декор.

Пресотојот во Монпелје и специјално во Париз за Димитар Пандилов значеше повеќе отколку академијата во Софија. Слободен од школските стеги, упатен да прави самиот избор меѓу сликарите и сликите во музеите и галериите, тој почна да слика пoслободно и повистински. Колку што го возбудуваа романтичарите со своите огрмни платна, драми на светло-темното, го импресионираа со своите мотиви големите француски реалисти, толку го одушевуваа импресионистите со својата светла палета и слободна техника. Колку многу му беа блиски селските теми на Миле, пејзажите на Русо и фигуралните композиции на Курбе и Домие, толку беше вљубен во ведрите платна на Моне и Писаро. Кога зборуваме дека Димитар Пандилов се одушевувал од темите на Миле, Русо, Курбе и Домие, ги сакал Моне и Писаро, не мислиме дека земал нешто директно од нив. Имено, Димитар Пандилов никогаш не насликал сцена со селски жанр што е сентиментална како композициите на Миле („Молитва на нива", „Копачки", „Жени што собираат жито" и др.); пејзаж со цизелирани дрвја и лисје од кои се крева утринската пареа како што ги предава Русо („Дабови"); фигурална композиција на која се гледаат карикирани луѓе-типови создадени од Домие („Во меана", „Абсинт", „Пегларки", „Перачки"); или воншалантни градски и пленерски сцени со разделениот спектар на Моне и поентилистичките композиции на Писаро. Димитар Пандилов слика селски жанр од неговото Тресонче и од Македонија, пејзажи реалистички, и луѓе со кои се дружел, зборел и ги сакал.

Во делата од втора сликарска фаза веќе не се чувствува академскиот реализам, ослободената сликарска рака на Димитар Пандилов повеќе скицуозно ги назначува ликовите, фигурите и контурите на пејзажот, но се уште реалистички. Колоритот е нешто посветол и обоен со извесна поетична суптилност, за кое придонесува тонското сликање. Сликите и акварелите зачувани меѓу 1929 и 1945 година, од кои се најкарактеристични „Жетварите", „Ученички", „На чаша ракија", „Во меана", „Турци на пазар", „Акт" и др., се интимни доживувања на сликарот како му се бранувала инспирацијата исполнета со лирска носталгија.

Последната, третата фаза е најдолга и најплодна во творештвото на Димитар Пандилов. Речиси две децении се исполнети со вредно сликање на повеќе сликарски родови: портрет, пејзаж, селски жанр, мртва природа. И техниките се разнородно застапени. Има платна во маслена техника, акварел и туш, понекогаш гваш. Иако ја познава техниката на фрескосликарство, не се занимава со неа. Заедно са расположбата, со младинскиот полет, му се расцвета и палетата. Она што беше само навестено во поранешните слики од вториот период, сега дојде до полн израз. Импресионизмот си го заседе местото во неговите дела со своите главни одлики; цртежот скицуозен, боите како во спектар се нижат еднододруго, потезите на четката се лесни и многу често ја откриваат грундираната подлога. Дури сега почна големата слика за родниот крај на Пандилов, исткаена од стотици масла и акварели. Како што е порано обележено, реализмот не се симна од делата на Пандилов, тој се слеа со импресионизмот. Иако е цртежот само назначен, фигурите на луѓе и животни цврсто стојат на нозете или се движат во пејзажот, архитектурата создадена од вертикали, хоризонтали и лаци ја бележи перспективата на улиците и питорескните сокачина на многу градови и села од Македонија („Охрид", „Тресонче", „Дебар", „Струга", „Скопје").

Портретите се сликарски род каде што Пандилов најмалку го внесе импресионизмот. Желбата да го моделира ликот што поблиску до моделот му диктираше смирен инкарнат, и само на облеката во комплементарните тонови се чувствуваше новиот начин на изразување („Портрет на Крсте Мисирков", „Портрет на Димитар Миладинов", „Портрет на сликарот Белогаски).

Како букет се развиваа темите и мотивите, оние што беа само нагласени. Во полно верзии Димитар Пандилов ги слика селските дејности: копачка, жетва, вршидба, веење жито, собирање снопје, гроздобер, молзење овци, одмор — сето она што го понел од дедството за да го изрази, како возрасен, со свој сликарски јазик. „Мнозина странски сликари, обидувајќи се да ја насликаат Македонија . . . во најголем случај беа одушевени од нејзиниот надворешен блесок и од живописноста на фолклорот. За да се проникне во нејзината душа, беше потребно да се жртвува нешто од чистиот артизам. Тоа го чувствуваше нашиот сликар Пандилов"[13].

За разлика од Лазар Личеноски, кој на селскиот жанр и пејзажите ја излеваше својата еруптивна експресија во силни тонови, создавајќи така цели ликовни драми, Димитар Пандилов со импресионистичката палета твореше лирски весели и меланхолични расположби. Некогаш како вител трепети врелината на летниот пејзаж и испотените лица во вршидбите и жетвите, некогаш се испружил тешкиот пејзаж темно-кафеав и ладно зелен со наведнатите фигури на копачите. Се сменуваат импресиите на Пандилов, испахнуваа пејзажи топли под разиграните сончеви зраци, и се раѓаат долини и ридишта тешки и ладни со темно небо полно со дождови. Коњите се често присутни на сликите. Нив ги сака многу сликарот и ги претставува во разни пози: на вршидбите летаат како птици, а на пазарите цврсто стојат на нозете впрегнати во полните коли.

Мртвите природи на Димитар Пандилов носат полна сериозност во себе. Строго класично компонирани, дијагонално или во централно решение, тие ни покажуваат сликар што размислува академски. Вистина, предметите се македонски ќупови и чинии и овошје секојдневно, но впечатокот го оддава авторот кој интелектуализира.

Цвеќето зазема оделна сликарска страст кај Димитар Пандилов. На последната самостојна изложба на акварели во Скопје, мотивите со цвеќе беа најмногубројни. Како во расцутена бавча и полиња се чуствуваше посетителот. Погледот одеше од полско ситно цвекенце, забележано во мигот на сликарот, до раскошни трендафили одгледувани дома кај него. На цвеќето тој ги излеваше своите најсуптилни чувства за убавото, за хармонијата на боите, за светлината што ја носи на себе. Тоа не беа желба да се добие сликарска афирмација, туку делче од неговата природа, која толку ненадејно се покажуваше разнообразно чувствителна и пред се, непретенциозна и искрена.

Како контрапункт на жолти зрели жита, ведри цвеќиња, академски мртви природи и скромни портрети, стои едно негово сериозно платно со „Вагоните". Во него Димитар Пандилов ни го покажува целосно својот сликарски талент и сликарски јазик. Тоа е дело што се одликува со одличен цртеж, цврста композиција, истенчен колорит и сеопфатно предадена атмосфера.

Светлината е главен ликовен проблем што го интересираше, со кој се зафати од почетокот и кој го реши во последниот период сликарот Димитар Пандилов. Како лајтмотив со неговите две љубови, се провлекува проблемот за светлината. Во трите фази решавањето е различно. Во првиот период, кога беше и излезе од академската средина, на сликите Пандилов ги предаваше светлото и темното така како што го учеа Стефан Иванов и Петар Клисурски. Академскиот цртеж покриен со неутрален колорит ги предаваше светлината и сенките со малку или повеќе темна боја во тоновите. Првите слики се прекриени со сивкави тонови, резултат од тонско светло-темните колористички односи. Во втората фаза, под влијание на импресионизмот, по престојот во Париз, сенките веќе

не се граорести, туку обоени скромно, како што диктирала потребата од комплементарни тонови (кафеаво-зелени, окер-виолетови). Светлината во втората фаза веќе не е само секој светол, граорест тон, туку има примеси на жолти нијанси. Односите на светло-темното се колористички издиференцирани, не сосем слободни, присутни се и пасажи, придружници на тонското сликање. Двете последни децении се исполнети скоро цели со сликање на светлината, на сонцето огледано на полињата, тревата, дрвјата, лисјата, цвеќињата, житото, луѓето и небото што ги опфаќаше и покриваше, пресликано во очите и душата на Димитар Пандилов. На моменти, во колоритот избива дури и некаква егзалтираност што го доближува до експресионизмот, до кој не дојде. Една длабока ликовна анализа, само по себе, наметнува негови три творби, сликани во трите фази, со проблемот за светлината разрешен тројно. Тоа се „Жетварки" — од 1926 година, „Жетвари" — од 1936 и „Жетва" — од 1961 година. Во овие три слики е обработен индентичен, негов животен мотив, на три разни начини: академски, смирено импресионистички и импресионистички со примеси на експресионизам.

Како портретист, Димитар Пандилов, покажа скромни достигања. Неговата заслуга е во тоа што ја продолжи почнатата галерија на граѓанскиот портрет од зографите Димитар Андонов Папрадишки и Ѓорѓи Јако Зографски, и која ја предаде да ја негуваат Лазар Личеноски, Никола Мартиноски и Вангел Коџоман, сликари од првата генерација на модерното македонско сликарство, Љубомир Белогаски, од средната генерација и многубројните повоени сликари од втората, третата, четвртата и денешнава сликарска генерација.

Акварелот и цртежот во туш заземаат одделно место во сликарското дело на Димитар Пандилов. Од обичен школски, акварелот му се развива постепено така што ја постигнува виртуозноста на лесни, проѕирни, на еден здив создадени акварели во последните години. Меѓу нив се одликуваат: „Чепкање на волна", „Жетва I, II", „Гроздоберач", „Трендафили", „Лалиња", „Цвеќе" и др. Првите реалистични цртежи оптоварени со инсистирање на детали сосем ишчезнаа, полека обработувани и симплицирани околу педесеттата година. Од неговата рака почнаа да излегуваат итри, кроки-цртежи во туш кои одговараат на неговата последна сликарска фаза, одење кон експресија. Со туш Димитар Пандилов црташе мали градски и селски жанр-сцени. Со минимум потези и линии обликуваше ликови на деца и возрасни, на граѓани и селани, цвеќе и животни. („Коњи", „Амали", „Деца", "Одмор", и др.).

Димитар Пандилов, академски сликар од првата генерација, е сликар на човекот, на земјата и небото, а неговото сликарство му е посветено единствено на македонскиот човек и на македонската земја. Така како што знаеше, како што се формираше, ги сликаше Димитар Пандилов малите радости, маките работата, чувствата на своите луѓе. Тивко и скромно како живееше, остави нескромна, голема нишка од своите дела. За четириесет години плодна дејност

остави стотици слики, акварели, цртежи. Неговото творештво е голем придонес во осовременувањето на македонското сликарство и неговото име се бележи како прво и почетно во историјата на модерното македонско сликарство на XX век.

Неговите две љубови, кон родниот крај и кон сликарството, денес се слиени во едно, во целокупното творештво што ни го остави во наследство да го чуваме, да го цениме.

1966 година *Елена Мацан Чукиќ*

**БЕЛЕШКИ:**


1. А. Ѓурчинов, Јубилеј на Димитар Пандилов, сп. „Разгледи", 7 октомври 1956 година, Скопје
2. А. Василиев, Дичо Зограф, Македонска мисъл, София, 1946, стр. 372 — 373.
3. Е. Мацан, Иконописот во Македонија во XIX век, Културно наследство, Скопје, 1961, стр. 62.
4. Ј. Костовски, Триесет години со палета, сп. „Разгледи" 12 февруари 1956 година, Скопје.
5. Димитар Пандилов, Ликовни архив ЈАЗУ, фонд македонски сликари Загреб.
6. Молба на Димитар Пандилов, Историски архив града Београда фонд „Цвијета Зузориќ", кутија II, бр. 170.
7. Картичка на Димитар Пандилов, Историски архив града Веограда, фонд „Цвијета Зузориќ", кутија II, бр. 202
8. В. Георгивски, Димитар Пандилов, сп. „Современост", бр. 7 и 8, Скопје, 1963.
9. Ј. Костовски, исто.
10. А. Николовски, Ретроспективна изложба на Димитар Пандилов, сп. „Разгледи", 21 октомври 1956, Скопје.
11. Е. Мацан, Интензивен подем, Нова Македонија, 7.XII. 1959, Скопје.
12. Е Мацан, 15 години на ликовното творештво во Македонија, Нова Македонија, 24. V. 1959, Скопје.
13. А. Ѓурчинов, исто.

# БИБЛИОГРАФИЈА

Јован Бошковски, Втора изложба на македонските художници, Нова Македонија, 8. XII. 1946.

Димитар Митрев, Вторaта општа изложба на македонските художници, Нов ден, 1946, год. II, бр. 9—10, стр. 58.

Киро Х. Василев, Третата општа изложба на македонските художници, Нов ден, 1948, год. IV, бр. 1—2, стр. 122.

Димитар Митрев, За третата изложба на македонските уметници, Нова Македонија, 20. I. 1948.

Славко Јаневски, По повод четвртата изложба на македонските художници, Нова Македонија, 5. VI. 1949.

Славко Јаневски, Четвртата изложба на уметниците од Македонија, Нов ден, 1949, год. V, бр. 5, стр. 300.

Зр., Низ изложбата на ликовните уметници, Нова Македонија, 7. XII. 1950.

Димче Марковски, За петтата изложба на ликовните уметници, Млад борец, 1950, год. VI, бр. 306.

Ј. Л., Низ шеста изложба на македонските ликовни уметници, Нова Македонија, 21. X. 1951.

Г., VII изложба на македонските ликовни уметници, Млад борец, 1952, год. VII, број 5.

Димче Коцо, Седмата изложба на ликовните уметници на Македонија, Современост, 1952, год. II, бр. 10, стр. 81.

Синиша Пауновиќ, Првата изложба на македонските ликовни уметници во Белград, Современост, 1953, год. III, бр. 5, стр. 42.

Димче Коцо, Осмата изложба на македонските уметници, Современост, 1953, год. III, бр. 10, стр. 72.

Р. Лозаноски, X јубиларна изложба на ДЛУМ, Стремеж, 1955, год. II, бр. 6, стр. 34.

Димче Протуѓер, Деветта изложба на македонски ликовни уметници, Разгледи, 1954, год. I, бр. 25, стр. 2.

Антоние Николовски, Десетта јубиларна изложба на ДЛУМ, Разгледи, 1955, год. II, бр. 25, стр. 1.

Јован Костовски, Триесет години на палета, јубилеј на уметникот Димитар Пандилов, Разгледи, 1956, год. III, бр. 4, стр. 1.

Антоние Николовски, Ретроспективна изложба на Димитар Пандилов, Разгледи, 1956, год. III, бр. 22, стр. 4.

Антоние Николовски, Годишната изложба на ДЛУМ, Разгледи, 1956, год. III, бр. 25—26, стр. 1.

Ѓурчинов Александар, Јубилеј на Димитар Пандилов, Разгледи, 1956, год. III, бр. 21, стр. 1.

Томе Момировски, Сведоштва на единаесеттата изложба на македкнските ликовни уметници, Современост, 1956, год. VI, бр. 11-12,стр. 878.

Борко Лазески, XII изложба на ДЛУМ, Нова Македонија, 28. XII. 1956.

Борко Лазески, Јубиларна изложба на Димитар Пандилов, Нова Македонија, 11 и 12. X. 1956.

Здравко Блажиќ, Јубиларна изложба на Димитар Пандилов, Хоризонт, 1956, год. I, бр. 17.

Здравко Блажиќ, Единаесеттата изложба на ликовните уметници на Македонија, Хоризонт, 1956, год. I, бр. 21.

Антоние Николовски, Пролетната изложба на ДЛУМ, Разгледи, 1958, год. V, бр. 10, стр. 3.

Здравко Блажиќ, Дванаесеттата изложба на ликовните уметници на Македонија, Хоризонт, 1958, год. III, бр. 1.

Антоние Николовски, Пролетната изложба на ДЛУМ, Разгледи, 1958, год. V, бр. 10, стр. 3.

Светозар Димиќ, Тринаесеттата изложба на ДЛУМ, Современост, 1959, год. IX, бр. 1 стр. 58.

Елена Мацан, Интензивен подем, Нова Македонија, 7. XII. 1959.

Елена Мацан, Петнаесет години на ликовното творештво во Македонија, Нова Македонија, 24. V. 1959.

Антоние Николовски, ДЛУМ на XIV годишна изложба, Разгледи, 1960 год. II, бр. 6, стр. 630.

Борис Петковски, Четврта пролетна изложба на ДЛУМ, Современост, 1960, год. X, бр. 6, стр. 609.

Томе Момировски, По повод есенската изложба на ДЛУМ, Современост, 1960, год. X, бр. 9, стр. 939.

Бошко Бабиќ, Две ликовни изложби во Прилеп, Стремеж, 1960, год. VI, бр. 4, стр. 43.

Томе Момировски, По повод изложбата Македонски пејсаж, Современост, 1960, год. X, бр. 10, стр. 1023.

Елена Мацан, Македонски пејсаж, предговор кон каталог, 1960.

Борис Петковски, Изложба на ДЛУМ, Културен живот, 1960, год. V, бр. 1, стр. 47.

Јован Димовски, Пролетната изложба, Културен живот, 1960, год. V, бр. 5—6, стр. 56.

Томе Момировски, По повод пролетната изложба на ДЛУМ, Современост, 1961, XI, бр. 5, стр. 490.

Б. П., По повод пролетната изложба на ДЛУМ, Културен живот, 1961, год.VI, бр. 5, стр. 45.

Лазар Личеноски, Акварелите на Димитар Пандилов, Нова Македонија, 14. X. 1962.

Елена Мацан, Македонски портрет XIX—XX век, предговор кон каталог, 1962.

Томе Момировски, По повод изложбата Македонски портрет XIX и XX век,

Современост, 1962, год. XII, бр. 3, стр. 292.

Ванчо Георгиев, Димитар Пандилов, Современост, 1963, год. XIII, бр. 7—8, стр. 432.

Цветан Грозданов, Димитар Пандилов, Разгледи, 1963, год. V, бр. 1, стр. 59.

# КАТАЛОГ

## МАСЛА

1. МАЈКА, 1954
   масло на картон, 68 × 49 см, сигн. и дат. д. д: Д. Пандилов 1954, сопственост на семејството.
2. ПИТАЧКА, 1926
   масло на платно, 23,5 × 16 см, сигн. нема, сопственост на семејството.
3. ЦИГАНЧЕ, 1922
   масло на платно, 27,5 × 18,5 см, сигн, д. д.: Д. П., сопственост на семејството.
4. ТОВАРЕЊЕ НА СНОПОИ, 1936
   масло на шперплоча, 49 × 62 см, сигн. и дат. д. д.: Д. Пандилов 1936, сопственост на семејството.
5. ВРШИДБА, 1936
   масло на шперплоча, 50 × 62,5 см, сигн. и дат. д. д.: Д. Пандилов 1946, сопственост на семејството.
6. РУЧОК НА СЕНКА ДО КОЛАТА, 1935
   масло на платно, 25 × 35,5 см, сигн. нема, сопственост на семејството.
7. ЖЕТВАРКИ, 1937
   масло на шперплоча, 50 × 63 см, сигн. и дат. д. д.: Д. Пандилов 1937, сопственост на семејството.
8. ПОКРАЈ ВОДА, 1935
   масло на платно, 25 × 32,5 см, сигн. и дат. д. д.: Д. П., 1935, сопственост на семејството.
9. ПРОДАВАЧ НА КАДАИФ, 1926
   масло на платно, 18,5 × 26 см, сигн. нема, сопственост на семејството.
10. ЖЕТВАРКИ, 1935
    масло на платно, 36 × 25 см, сигн. и дат. д. д.: Д. П. 1935, сопственост на семејството.
11. ПОРТРЕТ НА СТАРЕЦ, 1922
    масло на платно, 43 × 29,5 см, сигн. д. д.: Д. Пандилов, сопственост на семејството.

12. СКОПСКО КАЛЕ, 1926/1927
масло на платно, 23 × 16 см, сигн. и дат. д. д.: Д. П. 1927, сопственост на семејството.

13. ПЛАЖА НА ВАРДАР, 1948
масло на платно 46 × 49,5 см, сигн. и дат. д. л.: 1948 Д. Пандилов, сопственост на семејството.

14. ФЕСТИВАЛ, 1949
масло на картон, 46 × 65,5 см, сигн. и дат. д. д.: Д. Пандилов 1949, сопственост на семејството.

15. ПАРАДА, 1946/1947
масло на картон, 48,5 × 59,5 см, сигн. нема, сопственост на семејството.

16. НА ЧАС, 1927
масло на платно, 26 × 18,5 см, сигн. и дат д. л.: Д. П. 1927, сопственост на семејството.

17. ПОРТРЕТ НА СЛИКАРОТ БЕЛОГАСКИ, 1956
масло на платно, 99 × 79,5 см, сигн. и дат. д. д.: 1956 Д. Пандилов, сопственост на семејството.

18. ПОРТРЕТ НА КРСТЕ МИСИРКОВ, 1961/1962
масло на платно 99,5 × 79,5 см, сигн. нема, сопственост на семејството.

19. ГАЈДАШ, 1926
масло на платно, 79 × 92 см, сигн. и дат, д. д.: 1926 Д. Пандилов, сопственост на семејството.

20. ПОРТРЕТ НА ДИМИТАР МИЛАДИНОВ, 1958
масло на платно, 99 × 78 см, сигн. нема, сопственост на семејството.

21. НЕВЕСТИНСКО ОРО, 1946
масло на платно, 71 × 94 см, сигн. и дат, д. л.: 1946 Д. Пандилов, сопственост на семејството.

22. ЖЕТВАРКИ, 1936
масло на шперплоча, 62,5 × 66 см, сигн. и дат. д. д.: 1936 Д. Пандилов, сопственост на семејството.

23. ВРШИДБА ПОКРАЈ ОХРИДСКОТО ЕЗЕРО, 1951
масло на платно, 60 × 78 см, сигн. и дат. д. л.: 1951, Д. Пандилов сопственост на семејството.

24. ВРШИДБА I, 1955
масло на платно, 59 × 72 см, сигн. и дат. д. д.: Д. Пандилов 1955, сопственост на семејството.

25. ЛАЛИЊА
масло на платно, 65,5 × 54,5 см, сигн. нема, сопстве-ност на семејството.

26. ВОДАРКА
масло на платно, 94 × 71 см, сигн. д. л.: Д. Пандилов, сопственост на семејството.

27. ХРИЗАНТЕМИ, 1952
масло на платно, 65 × 53,5 см, сигн. и дат. д. д.: VII Д. Пандилов 1952, сопственост на семејството.

28. НА КЛАЦКАЛИЦАТА ВО ДЕТСКА ГРАДИНКА, 1954
масло на платно, 54,5 × 65 см, сигн. и дат. д. д.: Д. Пандилов 1954, сопственост на семејството.

29. ЦВЕЌЕ, 1953
масло на платно, 72 × 59 см, сигн. нема, сопственост на семејството.

30. БИТПАЗАР, 1955
масло на платно 65 × 54,5 см, сигн. и дат. д. д.: 1955 Д. Пандилов, сопственост на семејството.

31. СВ. ПАНТЕЛЕЈМОН НЕРЕЗИ, 1948
масло на платно 55 × 65 см, сигн. и дат. д. л.: 1948 Д. П., сопственост на семејството.

32. ОХРИД
масло на платно, 54 × 65 см, сигн. нема, сопственост на семејството.

33. ВОДАРКА, 1962
масло на платно, 66 × 54 см, сигн. нема, сопственост на семејството.

34. УЛИЦА ВО СТАРО СКОПЈЕ, 1962
масло на платно, 65 × 54 см, сигн. нема, сопственост на семејството.

35. СОБИРАЊЕ НА СНОПОИ, 1952
масло на платно, 55 × 65 см, сигн. и дат. д. д.: 1952 Д. Пандилов, сопственост на семејството.

36. НОВИОТ ПАТ ЗА ЖЕЛЕЗАРНИЦАТА, 1955
масло на платно, 54,5 × 65 см, сигн. и дат. д. д.: 1955 Д. Пандилов, сопственост на семејството.

37. ТЕГЛАЧ ОД ШАМАЦ-САРАЕВО, 1948
масло на картон, 45,5 × 65,5 см, сигн. и дат. д. д.: 1948 Д. Пандилов, сопственост на семејството.

38. МРТВА ПРИРОДА, 1957
масло на платно, 54,5 × 65 см, сигн. и дат. д. д.: 1957 Д. Пандилов, сопственост на семејството.

39. ЦВЕЌЕ, 1958
масло на платно, 65,5 × 54 см, сигн. нема, сопственост на семејството.

40. МАВРОВСКО ЕЗЕРО, 1957
масло на платно, 54 × 65 см, сигн. и дат. д. д.: Д. Пандилов 1957, сопственост на семејството.

41. МРТВА ПРИРОДА, 1957
масло на платно, 54,5 × 65 см, сигн. и дат. д. д.: 1957 Д. Пандилов, сопственост на семејството.

42. МРТВА ПРИРОДА, 1962
масло на платно, 54,5 × 65 см, сигн. нема, сопственост на семејството.

43. ХРИЗАНТЕМИ, 1952
масло на платно, 65 × 54,5 см, сигн. нема, сопственост на семејството.

44. ЗЛАТАРСКИ ДУЌАН ВО СКОПЈЕ, 1946
масло на платно, 54×64,5 см, сигн. и дат. д. д.: 1946 Д. Пандилов, сопственост на семејството.

45. МРТВА ПРИРОДА, 1962
масло на платно, 54 × 65 см, сигн. нема, сопственост на семејството.

46. ДЕЦА НА ЧЕШМА, 1954
масло на платно, 54 × 65 см, сигн. и дат. д. л.: 1954 Д. Пандилов, сопственост на семејството.

47. НАРОВИ, 1959
масло на платно, 54,5 × 65 см, сигн. и дат. д. д.: 1959 Пандилов, сопственост на семејството.

48. ЦВЕЌЕ, 1953
масло на картон, 51,5 × 60 см, сигн. и дат. д. д.: 1953 Д. Пандилов, сопственост на семејството.

49. ИЗГРАДБА НА ФАБРИКАТА ЗА ЦЕМЕНТ ВО ЛИСИЧЕ, 1952
масло на платно, 54,5 × 66 см, сигн. и дат. д. д.: 1952 Д. Пандилов, сопственост на семејството.

50. СЛАДОК РУЧЕК, 1953
масло на платно, 54,5 × 65 см, сигн. и дат. д. д.: 1953 Д. Пандилов, сопственост на семејството.

51. ОДМОР НА НИВА, 1937
масло на шперплоча, 50 × 63, сигн. и дат. д. д.: 1937 Д. Пандилов, сопственост на семејството.

52. МРТВА ПРИРОДА, 1959
масло на платно, 65 × 54, сигн. и дат. д. д.: 1959 Д. Пандилов, сопственост на семејството.

53. ПАРАДА, (?)
масло на картон, 47 × 58,5 см, сигн. нема, сопственост на семејството.

54. КУДЕЉАРКИ, 1947
масло на картон, 45,5 × 56 см, сигн. д. д.: 1947 Д. Пандилов, сопственост на семејството.

55. ЦИКЛАМИ, 1956
масло на платно, 54,5 × 65 см, сигн. и дат. д. д.: 1956 Д. Пандилов, сопственост на семејството.

56. ХРИЗАНТЕМИ, 1952
масло на платно, 65 × 54,5 см, сигн. нема, сопственост на семејството.

57. МРТВА ПРИРОДА, 1955
масло на платно, 54,5 × 65, сигн. нема, сопственост на семејството.

58. НАРОВИ, 1962
масло на платно, 65,5 × 54 см, сигн. нема, сопственост на семејството.

59. ВРАЌАЊЕ ОД ПАЗАР, 1959
масло на платно, 54 × 56 см, сигн. и дат. д. д.: 1959 Д. Пандилов, сопственост на семејството.

60. ГАЈДАШ, 1957 (?)
масло на платно, 65,5 × 54,5 см, сигн. нема, сопственост на семејството.

61. НА ЛИЗГАЛКА ВО ДЕТСКА ГРАДИНКА, 1954
масло на платно, 54,5 × 65 см, сигн. и дат. д. л.: 1954 Д. Пандилов, сопственост на семејството.

62. ПРОДАВАЧКИ НА ГОРОЦВЕЌЕ, 1955
масло на платно, 65 × 54 см, сигн. и дат. д. д.: 1955 Д. Пандилов, сопственост на семејството.

63. ВЕНЕЦИЈА, 1954
масло на платно 54 × 65 см, сигн. и дат. д. д.: 1954 Д. Пандилов, сопственост на семејството.

64. РЕЖЕЊЕ НА АФИОН, 1959
масло на платно, 65,5 × 54 см, сигн. и дат. д. д.: 1959 Д. Пандилов, сопственост на семејството.

65. ПРОЛЕТ, 1951
масло на картон, 48 × 56 см, сигн. и дат. д. л.: 1951 Д. Пандилов, сопственост на семејството.

66. НАРОВИ, 1958
масло на платно, 65 × 54 см, сигн. и дат. д. д.: 1958 Д. Пандилов, сопственост на семејството.

67. СТАРАТА ТВРДИНА НА НЕАПОЛ, 1954
масло на платно, сигн. и дат. д. д.: 1954 Д. Пандилов, сопственост на семејството.

68. НА НИВА
масло на платно, 55 × 65 см, сигн. нема сопственост на семејството.

69. УЛИЦА ВО СТАРО СКОПЈЕ, 1949
масло на платно, 54,5 × 65,5 см, сигн. и дат. д. л.: 1949 Пандилов, сопственост на семејството.

70. ПРОДАВАЧКА НА ГОРОЦВЕЌЕ, 1955
масло на платно, 72 × 59, сигн. и дат. д. д.: 1955 Д. Пандилов, сопственост на семејството.

71. ПАЗАР, 1962
масло на платно, 53 × 63 см, сигн. и дат д. д.: Д. Пандилов 1962 — Штип, Народен музеј.

72. ЖЕТВА, 1954
масло на платно, 71 × 58 см, сигн. и дат. д. д.: Д. Пандилов 1954 — Штип, Народен музеј.

73. ВО ОЧЕКУВАЊЕ НА ДРУГАРИТЕ, 1954
масло на платно 78 × 87 см, сигн. и дат. д. д.: Д. Пандилов 1954 — Прилеп, Народен музеј.

74. ЖЕТВАРКИ, 1926
масло на платно, 20 × 29 см, сигн. и дат. д. д.: 1926 Д. П., — Прилеп, Народен музеј.

75. НА НИВА, 1945
масло на платно, 85 × 64 см, сигн. и дат. д. д.: 1945 Д. Пандилов — Охрид, Народен музеј.

76. ВОДОНОСКИ, 1946
масло на платно, 63 × 53 см, сигн. и дат. д. л.: Д. П. Аврамовски — Охрид, Народен музеј.

77. ВАГОНИ, 1950

масло на платно, 59 × 76 см, сигн. нема — Охрид, народен музеј.

78. МОСТ НА РЕКАТА ДРИМ, 1927

масло на платно, 54 × 65,5 см, сигн. д. д.: Д. Пандилов — Скопје, Уметничка галерија.

79. УЛИЦА ВО ОХРИД, 1950

масло на платно, 66 × 53,5 см, сигн. и дат. д. д.: 1950 Д. Пандилов — Скопје, Уметничка галерија.

80. ЖЕТВА ВО СКОПСКО, 1952

масло на платно, 54 × 65 см, сигн. и дат. д. д.: Д. Пандилов 1952 — Скопје, Уметничка галерија.

81. ПРЕНЕСУВАЧИ, 1951

масло на картон, 48,5 × 69,5 см, сигн. и дат. д. д.: Д. Пандилов 1951 — Скопје, Уметничка галерија.

82. БЕГАЛЦИ, 1945

масло на платно, 85,5 × 96 см, сигн. и дат. д. д.: 1945 Д. Пандилов — Скопје, Уметничка галерија.

83. ЦВЕЌЕ, 1953

масло на платно, 65,5 × 56 см, сигн. и дат. д. д.: Д. Пандилов 1953 — Скопје, Уметничка галерија.

84. КАРАНФИЛИ, 1949

масло на картон, 45 × 59 см, сигн. и дат. д. д.: 1949 Д. Пандилов — Скопје, Д. Росоклиа.

85. ЕСЕН, 1951

масло на картон, 50 × 69 см, сигн. и дат. д. д.: 1951 Д. Пандилов — Скопје, Д. Росоклиа.

86. ПОРТРЕТ НА Д-Р РОБЕВ, 1926

масло на платно 54,5 × 39,5 см, сигн. нема, — Скопје, д-р К. И. Робев.

87. МРТВА ПРИРОДА, 1956

масло на платно, 26 × 38 см, сигн. нема, сопственост на семејството,

88. МРТВА ПРИРОДА

масло на картон, 30 × 22,5 см, сигн. нема, сопственост на семејството.

89. ПОРТРЕТ НА БРАТ МУ, 1922
масло на платно, 43,5 × 34 см, сигн. и дат. д. д.: XII 1922 Д. Пандилов, сопственост на семејството.

90. ПОРТРЕТ НА ЖЕНА МУ,1962
масло на картон, 27,5 × 36 см, сигн. нема, сопственост на семејството.

91. ПОРТРЕТ НА БРАТ МУ, 1924
пастел, 40,5 × 33 см, сигн. д. д.: 1924 Д. Пандилов, сопственост на семејството.

92. ХРИЗАНТЕМИ, 1950
масло на картон, 43 × 29,5 см, сигн. нема, сопственост на семејството.

93. ЦВЕЌЕ, 1927
масло на картон, 34,5 × 46,5 см, сигн. и дат. д. д.: Д. П. 927 — Скопје, д-р В. Петрушев.

94. ПОРТРЕТ НА Д-Р МУРАТОВСКИ, 1925/1926
масло на платно, 78 × 60 см, сигн. нема — Скопје, д-р Г. Муратовски.

95. ХРИЗАНТЕМИ, 1927
масло на картон, 31 × 42,5 см, сигн. и дат. д. д.: Д. П. 27. VI — Скопје, д-р Р. Кувенџиева.

96. ЛАЗАРОПОЛЕ, 1926
масло на картон, 31 × 41,5 см, сигн. и дат. д. д.: Д. П. 26 — Скопје, д-р Р. Кувенџиева.

97. МРТВА ПРИРОДА, 1955
масло на картон, 30 × 33 см, сигн. и дат. д. л.: Д. Пандилов 1955 — Скопје, Ж. Този.

98. ПАЗАР ВО СКОПЈЕ, 1296
масло на платно, 64,5 × 54 см, сигн. и дат. д. д.: Д. Пандилов 1962 — Скопје, Градски музеј.

99. ПАЗАР ВО СКОПЈЕ, 1954
масло на платно, 59 × 72 см, сигн. и дат. д. л.: Д. Пандилов 1954 — Скопје, Градски музеј.

100. БЕРАЧКА НА ТУТУН, 1955
масло на платно, 72 × 56 см, сигн. нема — Струмица, Работнички универзитет.

101. ЧИЧКО КРСТЕ, 1927
масло на платно, 37 × 31 см, сигн. и дат. д. д.: VI 927 Д. П. — Скопје, М. Крстев.

102. МОЈОТ ЧИЧКО КРСТО, 1927

масло на платно, 36 × 26 см, сигн. и дат. д. д.: 1927 Д. П. — Скопје, Етнолошки музеј.

103. НЕВЕСТА НА ЧЕШМА, 1926

масло на платно, 44 × 34 см, сигн. и дат. д. д.: 1926 Д. Пандилов — Скопје, Етнолошки музеј.

104. СОБИР

масло на платно, 62,5 × 80 см, сигн. нема, сопственост на семејството.

105. НА ПАТОТ

масло на картон, 71,5 × 59,5 см, сигн. нема, сопственост на семејството.

106. НА ПЛАЖА, 1954,

масло на платно, 59 × 72 см, сигн. и дат. д. д.: 1954 Д. Пандилов, сопственост на семејството.

107. АКТ,

масло на шперплоча 63,5 × 84 см, сигн. нема, сопственост на семејството.

108. ЖЕТВАРКИ,

масло на платно, 36,5 × 26 см, сигн. д. л.: Д. Пандилов, сопственост на семејството.

109. НА ПАЗАР,

масло на платно, 36,5 × 26 см, сигн. д. д.: Д. Пандилов, сопственост на семејството.

110. КАЈ ЛЕКАРОТ, 1955,

масло на платно, 65 × 54 см, сигн. и дат. д. д.: 1965 Д. Пандилов, сопственост на семејството.

111. СКОПСКАТА СТАНИЦА, 1948,

масло на картон, 44,5 × 55,5 см, сигн. и дат. д. д.: 1948 Д. Пандилов, Скопје, Уметничка галерија.

112. ЕСЕН, 1955

масло на картон, 60 × 85 см., сигн. и дат. д. д.: Д. Пандилов 1954, — Битола, Уметничка галерија.

113. УСЕК КАЈ ЛАШВА, 1947,

масло на картон, 56 × 45,5 см, сигн. и дат. д. д.: 1947 Д. Пандилов — Битола, Уметничка галерија.

## АКВАРЕЛИ И ЦРТЕЖИ

1. ОРО ОД СКОПСКИТЕ СЕЛА, 1927
   акварел, 36,5 × 51 см, сигн. и дат. д. д.: 1927. IV Д. Пандилов, сопственост на семејството.
2. НА РАБОТА, 1949
   акварел, 32 × 45, сигн. и дат. д. д.: 1949 Д. Пандилов, сопственост на семејството.
3. ВРШИДБА ВО ОХРИД, 1950
   акварел, 30,5 × 49,5 см, сигн. и дат. д. д.: 1950 Д. Пандилов, сопственост на семејството.
4. КАНЕО, 1950
   акварел, 36 × 45 см, сигн. и дат. д. д.: Д. Пандилов, 1950, сопственост на семејството.
5. ПИОНЕРКИ, 1947
   акварел, 30 × 22,5 см, сигн. и дат. д. л.: Д. Пандилов, 1947 и д. д.: Д. I. 1947, сопственост на семејството.
6. БАБА ПРЕДАЧКА, 1958
   акварел, 40,5 × 28,5 см, сигн. д. л.: Д. Пандилов, сопственост на семејството.
7. ПЕЈЗАЖ, 1948
   акварел, 45,5 × 35,5 см, сигн. и дат. д. д.: Д. П. 1948, сопственост на семејството.
8. МАВРОВСКО ЕЗЕРО, 1958,
   акварел, 29 × 41 см, сигн. д. л.: Д. Пандилов, сопственост на семејството.
9. ПАЗАР КАЈ МАВРОВСКОТО ЕЗЕРО, 1958
   акварел, 41,5 × 28,5 см, сигн. д. л.: Д. Пандилов, сопственост на семејството.
10. НА ЧЕШМА, 1946
    акварел, 57 × 48,5 см, сигн. д. д.: Д. Пандилов Аврамовски, сопственост на семејството.
11. ОРАЧ, 1948
    акварел, 22 × 30 см, сигн. и дат. д. д.: Д. П. 1948, сопственост на семејството.

12. НА ПАТ ЗА ТРЕСОНЧЕ, 1948
акварел, 31 × 23,5 см, сигн. и дат. д. д.: Д. Пандилов, 1948, сопственост на семејството.

13. ЧЕПКАЊЕ ВОЛНА, 1949
акварел, 32,5 × 44,5 см, сигн. и дат. д. д.: Д. Пандилов 1949, сопственост на семејството.

14. ЦВЕЌЕ, 1952
Акварел, 38 × 28 см, сигн. и дат. д. д.: Д. П. 27. VI. 1952, сопственост на семејството.

15. СВ. НИКОЛА, 1945
акварел, 35 × 28 см, сигн. и дат. д. д.: 1945 св. Никола Д. Пандилов, сопственост на семејството.

16. ТРЕНДАФИЛИ, 1960
акварел, 35,5 × 25 см, сигн. д. л.: Д. Пандилов, сопственост на семејството.

17. ЖОЛТИ ТРЕНДАФИЛИ, 1960
акварел, 38,5 × 28 см, сигн. и дат. д. д.: 1960 Д. Пандилов, сопственост на семејството.

18. ТРЕНДАФИЛИ, 1959
акварел, 35,5 × 25 см, сигн. и дат. д. д.: 1959 Д. Пандилов, сопственост на семејството.

19. ЛАЛИЊА
акварел 61,5 × 47,5 см, сигн. нема, сопственост на семејството.

20. ЖОЛТИ ТРЕНДАФИЛИ. 1960
акварел, 36 × 24 см, сигн. и дат. д. д.: Д. Пандилов 1960 — Штип, Народен музеј.

21. ПРАСКИ, 1959
акварел, 35 × 24 см, сигн. и дат. д. д.: 1959 Д. Пандилов, д. л.: Д. Пандилов — Штип, Народен музеј.

22. ВРШИДБА, 1962
акварел, 26 × 36 см, сигн. и дат. д. д.: Д. Пандилов 62 — Скопје, Уметничка галерија.

23. НА РАЗГОВОР, 1946
акварел, 46,5 × 33 см, сигн. и дат. д. д.: Д. Пандилов 1946 — Скопје, проф. д-р С. Стефановски.

24. ЖЕТВАР, 1933
акварел, 29 × 21 см, сигн. и дат. д. д.: Д. П. 1933 — Скопје, проф. д-р. С. Стефановски.

25. ЛАЛИЊА, 1955
акварел, 34,5 × 49 см, сигн. и дат. д. д.: Д. Пандилов 1955 — Скопје, проф. д-р С. Стефановски.

26. ЛАЛИЊА, 1951
акварел, 47 × 38 см, дат. д. л.: 18. IV. 1951, сопственост на семејството.

27. ГОЛО ТЕЛО, 1928
акварел, 24,5 × 21 см, сигн. и дат. д. л.: 1928 Д. П., сопственост на семејството.

28. НА ПЛАЖА — ОХРИД, 1950
акварел, 23 × 29 см, сигн. и дат. д. д.: Пандилов 1950, сопственост на семејството.

29. ПРИМУЛА, 1945
акварел, 40 × 30 см, сигн. и дат. д. д.: 1945 Д. П., сопственост на семејството.

30. ТРЕНДАФИЛИ, 1959
акварел, 36 × 25 см, сигн. и дат. д. д.: 1955 Д. Пандилов, — Скопје, Љ. Цветковиќ.

31. МАРГАРЕТИ, 17. VII 1963
акварел, 41,5 × 29 см, сигн. нема, сопственост на семејството.

32. ТРЕНДАФИЛИ, 1960
акварел, 36 × 25 см, сигн. и дат д. д.: 1960 Д. Пандилов — Скопје, И. Анастасов.

33. МРТВА ПРИРОДА, 1961
акварел, 26 × 37 см, сигн. и дат. д. д.: Д. Пандилов — Скопје, Х. Богојевиќ.

34. МРТВА ПРИРОДА, 1963
акварел, 23 × 35 см, сигн. и дат. д. л.: Д. Пандилов 1955 — Скопје, Е. Този.

35. АКТ, 1928
акварел, 28 × 48,5 см, сигн. и дат. д. л.: Д. П. IV. 1928 Париз, сопственост на семејството.

36. ЧЕПКАЊЕ НА ВОЛНА, 1949
акварел, 31 × 44 см, сигн. и дат. д. д.: 1949 Д. Пандилов — Скопје, Етнолошки музеј.

37. АМАЛИ, 1952

туш, 27,5 × 32,5 см, сигн. и дат. д. л.: 1952 Д. Пандилов, сопственост на семејството.

38. ТОВАРЕЊЕ НА КОЛА, 1952

туш 21,5 × 32 см, сигн. и дат. л.: Д. Пандилов 1952 19. V, сопственост на семејството.

39. ВОЛОВИ, 1952

туш, 41 × 59,5 см, сигн. и дат. д. д.: Д. Пандилов 1952, сопственост на семејството.

40. ЦРТЕЖ, 1952

туш, 23 × 30 см, сигн. и дат. д. л.: 1952 Д. Пандилов, сопственост на семејството.

41. БАЧИЛО, 1953

туш, 30 × 42 см, сигн. и дат. д. л.: 23. VII. 1953 Д. Пандилов, сопственост на семејството.

42. ТОВАРЕЊЕ ЌУМУР, 1952

туш, 23 × 32,5 см, сигн. и дат. д. д.: Д. Пандилов, 1952, сопственост на семејството.

43. КРАТОВО, 1954

туш, 27,5 × 37 см, сигн. и дат. д. д.: 1954 Д. Пандилов, сопственост на семејството.

44. РЕКА БОСНА, 1948

туш, 41,5 × 29,5 см, сигн. и дат. д. д.: р. Босна Д. Пандилов 1948, сопственост на семејството.

45. КОЊИ, 1952

туш, 24 × 31,5 см, сигн. и дат. д. д.: Д. Пандилов 1952, сопственост на семејството.

46. ДЕВОЈЧЕ, 1953

туш, 54 × 35 см, сигн. и дат. д. д.: Д. Пандилов 1953, сопственост на семејството.

47. МАНАСТИРОТ НЕРЕЗИ, 1927

молив, 36 × 51 см, сигн. и дат. д. д.: Д. Пандилов 21. IX. 1927, сопственост на семејството.

48. ОДМОР, 1954,

туш, 31,5 × 43 см, сигн. и дат. д. д.: 1954 Д. Пандилов, сопственост на семејството.

49. ВПРЕГНАТ КОЊ I, 1952,

туш, 22 × 29,5 см, сигн. и дат. д. д.: Д. Пандилов 1952, и д. л.: Д. Пандилов, сопственост на семејството.

50. ЖЕД, 1955,

туш, 44 × 30 см, сигн. и дат. д. д.: Д. Пандилов 1955, сопственост на семејството.

51. ВПРЕГНАТ КОЊ II, 1952,

туш, 21 × 30,5 см, сигн. и дат. д. д.: 1952. 19. V Ск. и д. л.: Д. П. 1952 Д. Пандилов, сопственост на семејството.

УЛИЦА ВО ОХРИД, масло





БЕГАЛЦИ, масло

ВАГОНИ, масло





ПРЕНЕСУВАЧИ, масло



МОСТОТ НА РЕКАТА ДРИМ, масло



ЖЕТВА ВО СКОПСКО, масло

ЦВЕЋЕ, масло

